РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Уп1 Бр. 08-100

Скопје 22.03.2023 г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1, 10[1] и 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-100 од 07.03.2023 година и Предлогот Уп1 бр.08-100 од 17.03.2023 година, а согласно Заклучокот, арх.бр.02-1188/17 од 21.03.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 11-та седница одржана на 21.03.2023 година, донесе:

## РЕШЕНИЕ
### за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво (ТРД) РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, бр.08-93 од 05.01.2015 година.

## Образложение

Советот на Агенцијата на 9-та седница одржана на 08.03.2023 г., со Заклучок, арх.бр.02-1007/9 од 08.03.2023 г., го усвои предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, Уп1 бр.08-100 од 07.03.2023 г. и покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, бр.08-93 од 05.01.2015 година, поради тоа што по извршениот редовен административен надзор, во Писмениот извештај арх.бр.05-1002/1 од 03.03.2023 г., беше констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на 09.03.2023 г. до горенаведениот радиодифузер беше испратен Допис Уп1 бр.08-100 од 09.03.2023 г., за негово известување дека доколку не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за радио емитување.

Меѓутоа, на 14.03.2023 г. до Директорот на Агенцијата, од страна на Секторот за финансии и логистика, доставено е Известување арх.бр.05-1002/2 од 14.03.2023 г. дека ТРД РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, на 13.03.2023 г. извршил уплата во износ од 7.987,00 (седумилјададеветстотиниосумдесетиседум) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го платил во целост.

Следствено на сето горенаведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1, 10 и 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка, во врска со Предлогот Уп1 08-100 од 07.03.2023 година и Предлогот Уп1 бр.08-100 од 17.03.2023 година, а согласно Заклучокот арх.бр.02-1188/17 од 21.03.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 11-та седница одржана на 21.03.2023 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на горенаведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ТРД РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница;
- Управителот на ТРД РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика; и
- Назначените лица во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1.

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).